## Информација за пациенти

**Упатство за подготовка на пациентот за земање на крв за молекуларни лабораториски анализи**

- Внес на храна пред земање на венска крв не влијае на исходот од молекуларните анализи.
- Пациентот пред вадење крв за спроведување на молекуларни анализи нема потреба да гладува,
- При земање на брис од букална слузница, при одредени анализи, се препорачува пациентот да не консумира храна и пијалоци најмалку еден час пред земањето на материјалот.

**Упатство за пациентот за начин на транспорт на биолошки материјал земен во друга институција за спроведување на молекуларни лабораториски анализи во ИЦГИБ, МАНУ**

- Не го отварајте спакуваниот материјал предаден од Институцијата која ве упатува !!!
- Пакувањето треба внимателно да се постави исправено, односно во положбата во која Ви е предаден од страна на стручно лице, во контејнер со цврсти ѕидови (стиропорна кутија, пластична кутија, метален контејнер...)
- Се препорачува поставување на замрзнати патрони, со кои би се сочувала температурата на транспорт на материјалот на 4-8$^{o}$C
- Спакуваниот материјал да се достави до Центарот истиот ден или најдоцна за 24 часа од земањето на примерокот.
- Примерок мора да биде обележан со Име и презиме и Датум на земен биолошки материјал. Истиот треба да биде придружен со соодветен упат со податоците за пациентот и назнака за типот на побаруваната анализа